БИАТЕН Бр. 2

# 44.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# ПРИЛЕП



05 - 11 ЈУНИ 2009

# ВО АРЕНАТА НА ВОЗБУДЕНАТА ТАЛИЈА

*Веќе три дена возбудените музи на Талија, кадифено и нежно треперат врз префинетите сетила на прилепската театарска публика, врз еснафот, критиката, драматурзите...Значи, на градот под Марковите Кули и на Македонија воопшто, им се случува театар. Ако речеме дека да се прави театар значи да се фрли светлина на сцената од нашиот секојдневен живот, од нашиот актуелен момент, тогаш, “Чернодрински . . .” на кој доминираат македонските автори, несомнено ја исполнува својата мисија. Поставувањето на сцена на текстовите на Горан Стефановски, Љубиша Георгиевски, Венко Андоновски, на Жанина Мирческа, Братислав Димитров, на Тихомир Стојановски, Загорка ПопАнтоска-Андовска . . . па се до Плевнеш и така наваму, и така натаму; само потврдува дека текстовите на македонските драматурзи секогаш може режисерски и актерски да дадат нови видувања.*

*На Фестивалот милина е да се видат во ново руво и со нова режисерска храброст и класиците (Брехт), но и Дејвид Мемет, Дејвид Харовер, Кутели . . .*

*Но, дали ова ќе ги охрабри и осили помладите македонски генерации- пишувачи, како бестрашни јавачи на ветрот, конечно да ги извадат на дневната светлината своите запишани мисли и размисли, идеи и идеали, перцепции и согледувања, опсервации и набљудувања, фрустрации и конфронтации, сублимации и конфликти...со самите себе, со семејството, со околината, со општетсвото?!*

*Од нас ја имаат поддршката!*

*Едно е сигурно - ТЕАТАРОТ е арена во која секој треба да се бори за “својот” живот, но, не за да го уништи оној на другиот, туку за да му го разубави литературното гладијаторство. А, поривот и желбата за успех ги има во сите нас, само што понекогаш треба силно да се размрдаме за да ги разбудиме од летаргичниот сон. Зашто, само кога пишаното (текстот) ќе добие своја жива форма (театар), тогаш тоа е ново раѓање, нов живот, нова стерна што незапирливо блика кон модерното, далечното, кон исконското, кон иднината...Ракавицата е фрлена- прашање е само- дали ќе биде или... дали се прифаќа предизвикот за благородна гладијаторска битка на македонските драматурзи?!*

**Љубица Гојковиќ - Буба** - добитник на наградата за животно дело

# ТЕАТАРОТ ЕВОЛУИРА

**- Некогаш театарот беше вистинскиот што го очекуваше публиката**
**- Кај младите актери како да нема доволно самочувствие, жар, самопрегор**



Лауреатот Љубица Гојковиќ - Буба, актер во пензија од Куманово, изјави после врачувањето на наградата за животно дело на годинашното издание на Фестивалот дека моментот го доживеала како прекрасен и неповторлив во животот.

Таа била водушевена од многуте аплаузи и овации, Низ салата "мирисало" на силно чувство и израз на љубов од публиката.

Радосно и гордо рече дека на Македонскиот театарски фестивал, односно на Игрите доаѓа од почетокот.

- Постојано сум тука, можеби 40 години. Татко ми беше артист и постојано сум тука. Досега сум ги проследила речиси сите претстави во Прилеп. Ми се враќаат многу моменти. Гледам дека публиката не ме заборавила. Ако се прави споредба меѓу некогаш и сега - се е тоа е во времето. Повеќе ми се допаѓаа времињата кога се работеше, кога со душа чекавме да одиме на проба, понекогаш и на две претстави или две проби. Многу се работеше. Во кариерата имам многу ликови, многи премиери многу претстави. Некогаш театарот беше вистинскиот што го очекуваше публиката. Не ми пречи што сега претставите имаат поинаков, модерен пристап. Во суштината театарот еволуира, расте, зрее и се надградува. Во содржината треба да има сé, и драми и комедии и модерни претстви. И тоа е добро и ми се допаѓа. Недостасува поголемиот ангажман на младите артисти. Треба многу повеќе да дадат од себе, од својата дарба и љубов спрема театарот. Недостасува жар. Ние, своевремено, горевме на сцената. недостасува жар, но со време мислам дека ќе го добијат и тоа. Има надарени деца. Но, не ми се допаѓа кај помладите тоа што како да нема доволно самочувствие. Треба да се посвети на тоа поголемо внимание. И на академијата. Во односот спрема работата како да немаат доволно самопрегор. Можеби тоа е нормалано во овие времиња - вели добитникот на наградата Љубица Гојковиќ - Буба.

Таа смета дека театарот доживува прогрес во некоја друга смисла.

- Театарот нема никогаш да згасне. Тоа се потврди на претставата на отворањето на 44. издание на Фестивалот. Ми се допадна првата претстава, можеби не сите ликови. Но, се виде сочно подготвена претстава. Публиката знае да цени. Тоа се чувствува во салата, дури и во играта. Тука е реакцијата и актерот знае дали претставата оди добро или не - вели лауреатот Гојковиќ.

# Г л е д а в м е . . .




Драмски театар - Скопје
**“КИНЕГОНДА ВО КАРЛАЛЕНД”** од Венко Андоновски
Режија: Сашо Миленковски
Костимограф: Тихомир Спировски
Сценограф: Сашо Миленковски
Музика: Пост
Играат: Билјана Беличанец- Алексиќ,Драган Спасов-Дац, Јелена Жугиќ, Сашо Тасевски,Рубенс Муратовски, Роберт Вељановски, Бранко Ѓорчев, Зоран Љутков, Дејан Лилиќ

# П р е т с т а в а т а . . .

"Кинегонда од Калаленд" на свој начин ја продолжува приказната од "Кандид во земјата на чудата" . Ако тогаш авторовата опсервација, како што самиот вели, била: како Европа и светот гледаат на нас, сега, во оваа претстава се постави прашањето како ние ги гледаме нив - "бледите" , "прагматичните". И при првата претстава и сега, сé е поставено како во едно психијатриско одделение. Само тогаш од затворен, а сега од отворен тип, без визи и граници.

Алибито со кое лудите владеат со светот е дека лудилото е највисока форма на интелигенцијата. Лудилото е форма на моќ. Во претставата Европа се набљудува како мајка, но и како матка - народите може да ги роди но и да ги абортира. Изборот кој се прави според критериуми, за нас"надвор од умот", доведуваат до тоа луѓето да бидат обични реторички машини, да говорат "генијални" бесмислици и да бидат крајно несфатливи специјалисти.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Сашо Миленковски,** режисер: Работевме 4 месеци. Никогаш толку долго не сум работел на претстава. Можеби зашто со неа донесов многу поинакви одлуки. Да проговорам низ актерите. Дотогаш сите мои претстави беа со режиски суштински моменти. Овде актерот е во преден план, па и авторот. Можеби сите претстави отсега и така ќе ги правам - актерот да биде во преден план.Ова е праизведба на текстот и многу ми значи.
Со Венко втор пат соработуваме. Првиот пат беше со "Кандид во земјата на чудата". Речиси 10 години подоцна е "Кинегонда во Карлаленд" Кандид… (2). Задоволен сум што направивме атмосфера во која можеш да креираш многу актерски улоги. Публиката одлично реагираше. Станува збор за политичка пиеса, крајно нереалистична. Но, има конгломерат на ликови и чудни ситуации кои делуваат реалистично и публиката така ги гледа.
Се надевам дека за десет години ќе режирам Кандид..(3) и ќе се игра добро зашто и првата се уште се игра како и сегашнава претстава.

**Билјана Беличанец Алексиќ,** актер: За мене беше огромна одговорност. Од авторот беше најавено дека Кинегонда.. ќе биде втор дел на Кандид… Ако првиот дел зборуваше за Македонија, сега се говори за Европа, за надвор. Им благодарам на авторот и на режисерот кои останаа доследни во поделбата на улогите и ми дадоа можност да се докажам на сцена. Како актер имав можност колку што умеам да покажам една лепеза од ликови, да покажам до каде можам да отидам, колкав ми е капацитетот да ја пов;лечам претставата. Многу ми е драго како реагираше прилепската публика. Чувствував према зашто играв пред својата публика. Имав можност да покажам една од моите поголеми главни улоги. Задоволство ми е што многу убаво ме прими прилепската публика.
**Драган Спасов,** актер: Ова е хит претстава во Драмски и публиката реагираше исто како во Скопје. Овде публиката реагираше дури уште подобро зашто текстот се однесува на Прилеп. Уште еден доказ дека прилепската публика знае да гледа претстава, таа е со изострен вкус.Убаво беше чувството, се виде дека публиката беше задоволна.
**Сашо Тасевски,** актер: Режисерот е таков во принцип што остава на актерот и на неговата имагинација, сам да ги решава ситуациите. Неговата режисерска рака што се однесува до актерската игра е многу невидлива, што е добро."Кинегонда.. е претстава на актерски креации. Ние овој жанр си го нарековме "претеризам" зашто нудиме нов хумор. Сега прилепската публика покажа, а и тогаш во првата претстава, дека без проблем ја прима претставата. На високо ниво е идентификацијата на текстот со актерите, режисерот и публиката. Таа си ја прифати претставата како своја.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●

## П у б л и к а т а . . .

- Извонредна претстава, одлична изведба, неверојатно доживување. Искрено, по повеќе години го доживувам ова чувство. Секоја чест на целата екипа, а особено на Билјана Беличанец- Алексиќ.Навистина сум воодоошевен…
- Ангажирана и многу актуелна претстава, со огромен позитивен набој. Ептен ми се допадна, на моменти, се смеев до солзи. Си заминувам духовно исполнет.Исполнет, но, и со некоја скриена чудна тага што претставата мораше да има крај...Сакав да трае уште и уште...
- Најмногу ми остави впечаток неверојатно успешната трансформација во повеќе ликови на незаменливата Билјана Беличанец. Со вметнувањто на прилепскиот говор, претставата како уште повеќе да и стана блиска на публиката…Одлично, секоја чест…
- Современиот тренд во театарот- актерите да бидат во постојана комуникација со гледалиштето, интерактивно да ги разменуваат размислите и емоциите, мислам дека во оваа претстава беше полн погодок. Како гледач, овој пат не се чувствува как "Дрвена Марија", туку како дел од сцената. Прекрасно чувство, нема што! Целата претстава беше феноменална и мислам дека треба да биде наградена!
- Претставата во целост ми се допадна. Ми се допадна и актуелноста на разработената тема, и професионлизмот со кој актерите си ја сработија работата. Само, мислам дека можеби напати беше превулгарна за мој вкус, а мислам и дека беше пренагласена употребата на прилепскиот жаргон во репликите на актерите.




## Г л е д а в м е . . .

НТ Јордан Хаџи К. Џинот - Велес
**"ТЕРОРИЗАМ"** од Олег и Владимир Пресњакови
Режија на Александар Ивановски
Сценографија: Крсте Џидров
Костимографија: Невена Тасева- Петровиќ
Избор на музика: Александар Ивановски
Играат: Роберт Ристов, Александар Ѓеорѓеив, Ѓорѓи Бисерков - Дампе, Кирил Гравчев, Кети Борисовска, Самоил Стојановски, Слободанка Чичевска, Кица Ивковска - Велјановска, Маја Љутков и Љубе Терзиев

## П р е т с т а в а т а . . .

Во современиот свет човекот се соочува со секакви проблеми, кои можат некогаш побрзо да се надминат, некогаш не. Но, има граѓани кои тие проблеми ги чувствуваат посилно и посилно ги изразуваат, дури и ги тероризираат луѓето околу нив. Тероризам се случува на сцената, на работното место, во животот, во.... Зарем потребно е да тероризираме други за да ги решиме нашите проблеми, или пак да стигнеме онаму каде што посакуваме? Ова се прашањата на кои се обиде да даде одговор во претставата ,,Тероризам,, режисерот Александар Ивановски.

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

**Слободанка Чичевска**, актер: Ми беше задоволство да работам со Александар Ивановски, посебно во оваа претстава каде сите од нас имаа по две улоги. Без разлика на вложениот труд, претставата излезе многу подобро пред прилепската публика. Особено ми беше мила улогата на бабата во четвртата сцена и не им препорачувам на бабите на внуците и зетовците да им ставаат по една таблета во чајот.

**Роберт Ристов**, актер: Ова е претстава која навидум говори за многу обичните работи , а во суштина полека, полека се отвораат моментите на тероризмот. Претставава покажува ситуации кои колку и да ни се чинат далеку од нас, може секој ден да не изненадат. Тероризмот го има, постои и ние имавме задача да го изиграме поискрено и подокументарно. Процесот беше убав, текстот ме фасцинира и одамна немам прочитано ваков текст.

**Јордан Витанов**, актер: Тероризмот е општа категорија, постои од микро ситеми, во меѓучовечките или интерперсоналните односи до глобален тероризм кој не плаши и заплашува и кој изгледа многу страшен.

## П у б л и к а т а . . .

- Убава тема , но режисерот оставил предолги сцени. Можеше да скрати малку.
- Добра претстава, која ја отсликува моментната состојба во која се живее во современиот свет.
- Добар избор на тема, но малку предолга претстава.
- Вообичаено издание на Велешкиот театар.
- Добра претстава, која ни понуди актуелна тема.
- Ми се допадна глумата на младите актери.
- Ми се допаднаа пораките кои беа пратени и секој на свој начин ги интерпретира. Убави беа пораките за животот, за сегашноста и задоволен сум од претставата.
- Особено ми се допадна текстот, а добра беше и игратата на актерите.
- Интересна приказна за тероризмот во секојдневието и лично во самите нас.
- Ми се допадна содржината на претставата и изведбата.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●

## Придружна програма



"Буден театар од Скопје во соработка со Драмски театар од Скопје"
**"ЦРНА ПТИЦА"** на Дејвид Харовер
режија: Бојан Трифуновски

"Црна птица" е приказна за педофилијата, за самотијата, за нужноста од друштво, од контакт. Тоа е приказна за односот со насилникот и жртвата. Уште една анализа без одговор на дилемата дали педофилијата е болест од социјален карактер или на заматениот мозок. Играта на младата Милијана Ленак и на возрасниот Диме Илиев понуди психолошка претстава за траумите, главно на жртвата, но и на насилникот, на неморалниот сексуален чин со дванаесет годишно дете.

**Милијана Ленак,** актер: Дадовме се од себе. Нема постар или помлад. Имаме цел за тоа што треба заедно да правиме. И направивме. Публиката го потврди тоа. Изненадена сум од умешноста на публиката да процени квалитетна игра. На "Чернодрински . . . " сум прв пат и доживеав да видам публика која знае да следи и да чувствува претстава.

**Диме Илиев,** актер: Ова е како во фудбалот. Повозрасните играат одбрана, а младите со енергијата и талентот, постигнуваат голови. Иако претставата е ставена во придружната програма, има силна порака. Не е важно дали е во конкуренција. Битен е вкупниот впечаток. Со Милијана и се оддолживме на публиката.

"Буден театар" не е институционален театар.

## Г л е д а в м е . . .

Албански театар од Скопје
**“АЛБАНСКИ НОЌИ”** од Митруш Кутели, Фаик Коница и Антон Чета
режија: Ентон Каца
Играа: Сефедин Нуредини, Адријан Азири, Џевдет Јашари, Адем Карага, Бесфорт Идризи и Блерим Дарлишта




## П р е т с т а в а т а . . .

Текстовите употребени во оваа претстава се на Митруш Кутели, Фаик Коница, и Антон Четта, напишани пред еден век, но се актуелни и во денешно време. Јасно се чувствува саркастичниот дух на тоа што се нарекува национална свест, но што во суштина не е ништо освен една наредна драма на албанскиот народ. Тоа е комедија на херојска бутафорија, барана со упорност и таму каде што не постои. Тоа е наредната трагедија што Албанците ги придружува со векови, каде што недостасува вистината, каде што хиперболата е предмет на историјата.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Бесфорд Идризи,** актер: Го убивам сопствениот брат, но тоа доцна го разбирам. Тоа е работа која не ја кажувам, туку ја кријам зад куќниот непријател, тврдејќи дека тој е убиецот. За жал, некаде така се станува маж. Беше тешко и не е лесно да се претпостави да се убие човек. Со ваква екипа и вакви партнери беше задоволство и беше многу лесно да се работи.

**Сефедин Нујредини,** актер: Ова е специфична претстава, на специфичен начин односно драма без петте елементи, почеток, расплет... Сé се добива спонтано. Тоа се секвенци од делата на тројца автори од минатото, на планот на доминација на мажите, на една наивност и самоуништување на сите на Балканот. Претставата е именувана како "Албански ноќи", но тие може да се наречат и македонски ноќи, српски ноќи, босански ноќи...

Актерот **Адем Карага** беше изненаден на арно, бидејќи публиката беше мошне бројна. Рече дека не е добро да се дојде до Прилеп, на Фестивал и да нема публика. Според него, голем дел од публиката ја разбра играта со сметнувањето на јазичната пречка преку симултаниот превод. Нему му е драго што се наполни сцената, а публиката успеа да воспостави контакт со актерите, ја разбра играта и приказната и на крајот добро ја прими. Тој е радосен што албанскиот театар е учесник и и дел од годинашното издание на Фестивалот.

Актерот **Адријан Азири** изјави дека претставата е адаптирана, камерно, на сцена. Тој е воодушевен од публиката, зашто обично на албанските претстави имало сосема малку публика, што не беше случај овојпат. Чувствувавме позитивна енергија кај прилепската публика. Не изненади бројноста. Се надеваме дека со време се менува и расте интересот на публиката. Можеби и симултаниот добар превод влијаеше на тоа. И досега имало симултан превод, но публиката не била во доволен број.

## П у б л и к а т а . . .

- Ова е една политичка претстава во албанските краеви
- Најголем впечаток ми остави тоа што немаше музички ефекти, туку ги користеа гласовите.
- Дознав како живееле луѓето во тоа време. Се карале, се одмаздувале.
- Ја оценува за многу добра претставата. Немам досега гледано ваква претстава. Впечаток ми остави историјата на еден цел народ, како луѓето од албанската националност се однесуваат за банални теми - вкоренет традиционализам замешан со тврд примитивизам.

••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••••

Фисник Секири, превод на претставата "Албански ноќи"

# СЕ ЧИТА ТЕКСТ - А ЕМОЦИИТЕ СЕ КАЈ ДРУГ

Претставата "Албански ноќи" фестивалската публика ја проследи со превод, камерната сцена беше исполнета до последно место. Посетителите уживаа во претставата без да почувствуваат хендикеп заради тоа што не го знаат албанскиот јазик. Младиот Фисник Секири, актер, прв пат вршеше превод на претставата кој беше задоволителен .

- Најжавно е да ги следиш глумците. Текстот се чита, но воедно има моменти кога треба да се "фатат" и глумците со репликите кои ги нема во текстот, тоа се дополнителни реченици, но се во контекст на претставта, и веднаш мора по симултаниот превод - повторно да се вратиш на текстот. Ова го учиме на Драмскиот факултет, се чита без емоции, праволиниски, го пренесуваш текстот, а емоциите се гледаат кај друг. А на гледачот му останува тоа да го спои - вели Фисник Секири.



Тој објаснува дека кога има масовни сцени и повеќемина зборуваат, не треба да се преведуваат сите изјави, а практично не е и изводливо, туку едноставно тоа е атмосфера. Задоволен е од реакцијата на прилепската публика.

- Албанците кога ја гледаат претставата, тие ги знаат обичаите, законите, ништо не им е ново. Нам ни е помило и подраго да им покажеме на другите какви биле и какви се денес обичаите - вели Секири.

Претстававата "Албански ноќи" изгранана е во Црна Гора и Албанија.

## Придружна програма



Народен театар- Куманово
**“ДИВИ ПАЈКИ”** од Дејвид Мемет
Режија: Кирил Петрески

**Кирил Петрески,** режисер: Поставувањето на сцена на "Диви пајки" како искуство беше одлично. Многу разговаравме со двајцата актери и истражувавме за да го поставиме текстот. Ова е текст на Мемемт во кој цело време се говори за една тема. Но, преку темата за дивите пајки се објаснуваат други животни филозофии. Беше искуство кое многу ми значеше. Со задоволство работев со Ивица Димитриевиќ и со Горан Илиќ . Баравме простор, одговор на тоа кои се тие двајцата што ја раскажуваат приказната и цело време раскажувавме како да се направи за да биде гледливо, да не се затвориме само во текстот. Тоа беше најбитно. Ова ми е прва режисерска соработка со кумановскиот театар.
**Ивица Димитриевиќ,** актер: Беше напорно да се одигра целата претстава, да се задржи вниманието на публиката, зашто овој текст на Дејвид Мемет малку е фрагментарен, со многу кратки реплики. Мора да го знаеш целиот текст. Не можеш да играш само ако велиш си ја знам мојата реплика и не знам што прави мојот партнер. Двајцата играме исто како еден. Мора да го знаеш целиот текст и мора да си подготвен да го понесеш товарот како монодрама. Се надополнуваме еден со друг. Задоволен сум од изведбата и од присуството на публиката.
**Горан Илиќ,** актер: Радосен сум што бев во поделбата на улогите. Ивица е многу помлад. Се трудев да ја носам енергијата што тој ја има. На некаков начин тој ме повлече. Се трудев да дадам максимум од себе. Претставата ја работевме многу студиозно, напорно, правевме многу анализи заедно со режисерот. Додека траше процесот на работа на претставата имаше многу другарска атмосфера меѓу нас тројцата. Има многу љубов во претставата, го извлековме сето тоа што е длабоко во нас. Игравме со душа. Задоволен сум од изведбата овде во Прилеп. Претходно имав некои стари болки во грбот и се исплашив како ќе излезам на сцената. Но пред да почнам, одеднаш се исправив како да не некое чудо.

## Публиката . . .

- Секако дека многу ми се допадна претставата, беше професионално сработена, камерно, баш фино…Само, оваа претстава би ја вброила во оние кои не можат лесно да допрат до поширокaта публика, бидејќи е дијалог со само двајца актери на сцената. Можеби тука режисерот требало да обрне поголемо внимание…
- Оваа претстава има изразит само еден елемент, тоа е актерската игра, во која што двајцата актери од Кумановскиот народен театар одлично се снајдоа. Можеме до бескрај да се прашуваме зошто е правена оваа претстава и за кого но она што вечерва го видовме беше еден сосема солиден резултат.

## Придружна програма





МНТ - Скопје
**“ЛЕТ ВО ТРИ ГЛАВИ”** од Загорка Поп Антоска - Андовска
режија: Никола Ристов

**Ниикола Ристов,** режисер - Долго време преговаравме со диркеторот да ја поставивме претставата, бидејќи им е посветена на младите. Тежок беше процесот на создавањето, но интересно работевме. Создадовме претстава која мислам дека е гледлива. Задоволен сум како прилепската публика ја прифати претставата, иако дојдовме малку подоцна и немавме време за проби. Сепак актерите одлично се снајдоа на сцената и претставата беше многу добро прифатена.

**Оливер Митковски,** актер: прилепската публика одлично ја прифати претставата. Тука помина подобро отколку пред скопската публика. Прилепчани знаат да ценат добар театарски проект. Ова е еден вид алтернативна престава која граничи со класичната.

**Игор Ангелов,** актер: Претставата “Лет во три глави” е нешто меѓу Бекет и Јонеско, иако не може да се дефинира точно. одлично се претставивме на Фестивалот. Среќен сум што играм во претставата на Ристов. Уште посреќен сум што играв пред мојата драга прилепска публика.

## Публиката . . .

- Претстава во која се говори за актуелните проблеми со кои се соочуваат младите во современиот живот. Добро осмислена. Одлично реагиравме како публика. Малку се насмеавме иако беше веќе помината полноќта.
- Ми се допадна преставата. Говори за актуелни проблеми. Режисерот успеал да ги долови во вистински елемент.
- Одлична, кратка ие фективна претстава.

### за Фестивалот . . .

Фестивалот има убава, збиена,богата програма. Според мене од година во година е се поуспешен и во организациона смисла на зборот.Единствено сметам дека треба да се направат напори учесниците на фестивалот да бидат присутни во текот на сите фестивалски денови, за задоволството да биде комплетно.

Трибина: **“АВАНГАРДАТА ВО ТЕАТАРОТ ВО МАКЕДОНИЈА”**
Модератор: **Братислав Димитров**



# АВАНГАРДНАТА УМЕТНОСТ - ПОЖИВА И ПОВИСТИНИТА РЕАЛНОСТ

- Се определив за оваа тема бидејќи како возрасен уметник гледам дека во Македонија се повеќе зема замав едно подразбирање на авангардата, сосема погрешно од она што всушност е. Кај нас, ако некој изврши нужда на сцената - како авангарда е, ако се соблечеш гол без голема потреба и естетско покритие - можеш само да настинеш. Ништо друго нема да се добие. Авангардата се раѓа во семантичен кожурец, а кај нас таа се подразбира како синтетичка појава - рече **Петар Темелковски**, уметничкиот директор на почетокот на трибината: „Авангардата во театарот во Македонија„
Тој посочи пример како се роди авангардата во Русија, за потоа збор да му даде на модераторот на трибината **Братислав Димитров**, кој темата ја започна со неколку случки, односно примери.

- Пред неколку дена седиме во театарското бифе и една моја колешка рече дека еден наш колега направил радикален чекор во животот: се развел од својата сопруга. И кажав дека јас сум направил уште порадикален чекор: не се разведов од мојата сорпуга! За потребите на оваа трибина подготвував неколку воведи, но ниту еден не ми се допадна. Тоа беше првиот охрабрувачки сигнал дека сум на вистинскиот пат и дека securepolека успевам да навлезам во темата.

Како најкратко и најпрецизно да се дефинира неопходноста од авангардата? Надреалистите  пронашле клучни решенија кои гласат: да нема ветер, небото ќе го покрие пајажина„ За да не потонеме во морето напишана литертура на оваа тема, ќе се обидам да ги извлечам само есенцијалните аспекти... Во авангардниот театар дејството не се следи според логичниот силогизам„„ тоа не оди „А„ кон „Б„ туку од некоја непозната премисла „X„ кон непознат заклучок „S„ Секој гледач наоѓа сопствено лично значење, различно од другите. Во енциклопедијата “Ларус” зборот (поточно кованицата) “авангарда” вака е објаснет: Тоа се малубројни единици кои им претходат на вооружените сили (копнени, водни или водушни) за да го подготват нивното влегување во бој. Аналогно на ова, авангардата во театарот е мала група на шокантни драмски автори или режисери зад кои (на извесна оддалеченост) следат сите останати. Авангардата може да се утврди дури откако ќе успее, кога ќе  создаде следбеници, школа која ќе доминира со својот стил, која ќе се наметне и ќе ја освои епохата  Значи, дури тогаш, може да се забележи дека авангардата постоела откако претходницата, како таква, нема да постои. Повеќето писатели, уметници и мислители сметаат дека припаѓаат  на своето време. Авангардниот автор ( кој по дефиницја е бунтовник) свесен е дека е против своето време. Првите се етаблирааат во постоечките склеротични форми и се сметаат за модерни современици, несвесни за пукнатините на тој утапкан систем. За авангардата, штом еден облик на изразување ќе



стане познат, тој веќе е застарен. Авангардата е радикален прекин со постоечкото. Секој обид за воведување на новото наидува на жесток отпор. Луѓето се плашат од непознатото. Тие се плашат да не го загубат тоа што им е познато. Ако сакаме по секоја цена да создадеме популарен театар, се изложуваме на опасноста да ги пренесеме вистините кои не ги откриваме сами, туку вистини кои ни се пренесени од некое друго место, а ние сме втора рака.. Авангардната уметност создава своја сопствена реалност, која е многу пожива и повистинита од т.н. објективна стварност - вели **Братислав Димитров.**

**Трајче Кацаров,** драмски автор праша дали имаме страв од авангарда или таа е потреба.
- Може ли еден сценски израз кој што е симбиоза од сценски реалитети да биде авангарда ако еден од реалитетите не е авангарда или врз база на текст авангарда да се направи неавангардна претстава, ако другите реалитети се неавангардни? Во таа насока треба да се дебатира за овој проблем, од причина што ќе земеме авангарден текст и сто други неавангардни реалитети. Изгледува еден хибрид кој во ниту еден случај не можеш да го дефинираш или устроиш. Дали е тоа авангарда или некоја ситуација сценски да се изнесе без оглед како ќе се дефинира. Да не ја сфатиме авангардата исчекор напред од коневенционална ситуација. Според мене сé е во едукацијата - вели Кацаров.

**Роберт Вељановски,** рече дека авангардата во моментот кога се создава не се распознава.
-Авангардата кога се создава не се распознава самата себе. Дури отпосле, кога самата себе ќе се дефинира може да се каже дека е авангарда - рече Вељановски.



**Горјан Милошески,** студент од трета година од отсекот драматургија на ФДУ, смета дека покрај страв постои и голема неискреност.
- Авангарда во Македонија не постои. Можеби има некои обиди. Стравот при избор на било кој текст го прави своето. Режисерите и трупата при избор на текст одат кон стабилност, кон докажан текст, а формата е прашање дали е искрена. Дали треба тој да се работи оти е докажан? Можеби треба да излеземе надвор, да решиме посуштински проблеми, како простор со живеење, вода... Колку и да звучи апсурдно. треба да се размисли како да се пристапи кон текстот. Театарот бара искреност. Треба да се бара алтернативен простор и пристап - рече Милошески.

Актерот **Игор Трпчески** рече дека на трибината не се споменал ниту еден македонски автор за кој бил можеле да речеме дека е авангарден.
- Мислам дека затоа се држиме за сигурните , светски автори кои се потврдени за авангардни, за своето време. Но мислам дека според условите какви се, има потреба и секогаш ќе има нов момент и нова страница за историјата на театарот - рече Трпчески.

За **Митко Маџунков,** писател, важна е идејата.
- Мислам дека важно е да се развие нешто. Прашање е што е авангард, во драмската уметност или во театарската уметност односно интепретацијата. Да има авангарда треба да има напредок во идеи. Без идеи нема големи промени..Во театарските интерпретации можно е се. Со разни интервенции да се воспостави мост кон публиката и во тој случај се руши системот. Авангардата не треба да се гледа како праволиниски пат, туку, како нешто многу динамично. Многу е тешко да се дојде до голема идеја која ги руши нештата. Во структурата на нештата треба да се промени. Театарот треба тие работи да ги следи. Дали има или не авангарда во Македонија зависи од тоа колку македонските текстови се интересни во смисла на развитокот на идејата. Друга е интепретацијата. Нешто што не е авангардно може да биде, во смисла на развитокот на идејата - вели Маџунков.
На трибината свои коментари дадоа театарските критичари Иван Ивановски, Ристо Стефановски, драматургот Русомир Богдановски и други.

Аматерскиот театар и Фестивалот

# ДА СЕ ДОЗНАЕ ЗА ЕНТУЗИЈАЗМОТ НА МЛАДИТЕ

Дарко Ристески актер аматер инаку матурант во прилепската гимназија:
Како аматерски театар имаме направено пет претстави: "Ваза од порцелан", "Женско царство", ' Хилјада", 'Бум, бум мртовци", "Оскар" и уште осум кратки пиеси. Постоиме три години. Формирани сме како невладина организација МЕКС (младинска едукативна културна сцена). Опстојуваме од самофинасирање и од спонзорства, независни сме. Со "Ваза од порцелан" од 17 до 24 септември ќе настапиме во Бремен, Германија на фестивал "Експлозив". Режисер на претставата е Сашо Нацески.



Во нашата група имаме актери-аматери од повеќе средни училишта, некои завршија веќе, некои се студенти. Целта ни е да ги поттикниме младите да доаѓаат и да гледаат театар.
На младите им порачувам сите да ги гледаат претставите на Фестивалот. Претставите може да дејствуваат многу убаво на младите. Убаво е да се запознаеме со актерите, да се дружиме, да добиеме искуства. И битно ни е да се дознае за нашиот аматерски театар што го негуваме.

# ОКОЛУ НАС - АТМОСФЕРА . . .

**Јагне се дереше на сцена**

Во претставата "Албански ноќи" на Албанскиот театар, јагне се дереше на сцената.

Гледачите имаа можност да ја почувсвуваат миризбата на штотуку закланото јагне.

Воедно ги видоа и касапските способности на актерот Адем Карага кој е и директор на Албанскиот театар.

Гледачите ја сетија и топлината на жарот во мангалот, а и миризбата на свеќите.

Во албанските ноќи имаше и убави тикви стамболки иако е јуни, убави главици кромид и крупни ореви ...

Актерите вечераа печено јагне...

Ако за секоја одиграна претстава се дере јагне колку ли јагниња ќе отидат курбан?





**За Фестивалот - Центарот на култура на нозе 24 часа**

Целиот персонал на Центарот за култура е ставен во функција на создавање амбиент за подобар престој на гостите и публиката на Фестивалот.

Покрај помошниот перонал, за публиката да се чувствува пријатно, ангажирани беа и неколку хостеси, кои дадоа домаќинска и естетска клима пред влезовите. При влегувањето во салите, хостесите љубезно им се насмевнуваат на гледачите, создавајќи флуид на близина. Ја збогатуваа фестивалската атмосфера не само со поделувањето на пропагандниот материјал со програмските содржини, туку и со односот спрема посетителите.

**Влезници нема**

Уште на вториот ден од Фестивалот јасно беше дека повеќе нема влезници за ниту една претстава.

Прилепската публика од сите генерации, пофалена од учесниците за својот истенчен, префинет вкус за отцена на претставите, остана доследна во интересот за театарската уметност.

И млади и стари се обидоа да ги искористат сите свои врски и познанства со организаторите за да дојдат до влезница повеќе.

Ја имаат безрезервната благодарност од уметниците за интересот за се што се случува на сцена.



**Писмо од Париз**

# СТРАДАМ ЗА ФЕСТИВАЛОТ

***Младиот љубител на театарот, прилепчнецот Никола Колески, кој секоја години го следи Македонскиот театарски фестивал од "А до Ш", спречен поради неговиот студиски престој во Париз преку електронска пошта се обрати до редакцијата на фестивалскиот билтен.***

***Тој пишува дека неможноста да биде физички присутен на годинашниов Фестивал не го разделила од мислите со својот роден град.***

***- Со помош на музите и божиците и лебедовите бели крилја сакам да долетам со моето срце и љубов кон Фестивалот во градот под Марковите кули. Преку електронска пошта Ви ја искажувам мојата посветеност и големата верба што ја носам во оваа македонска крв, што тече низ венив и пламнува кога ќе се сетам дека не сум меѓу моите прилепчани, меѓу театарџиите, некаде седнат меѓу редовите и седиштата на фоајето на Центарот за култура, меѓу темно-сивата боја, што прелива кон мастило, боја на седиштата во големата сала и некаде таму во салата на Народниот театар "Војдан Цернодрински" - пишува Колески.***

***Тој страда и срцето му се кине кога мисли на сето тоа.***

***- Не можам да не помислам на претставите од официјалата програма, на претставите од офф програма (придружна програма), на камерната сала Сцена 105, не можам да го отргнам од глава мирисот на липите, мирисот на тетарот, на Прилеп - пишува Никола Колески, маѓепсан за секогаш во Фестивалот.***

***Тој бил подготвен одамна, ама не можел да стиге во вистинскиот час.***

***Поздрав ,искрено Ваш, Мој МТФ***
***Никола КОЛЕСКИ***

***П.С. Немаме фото од Никола,***
***ниту од Париз,***
***ама го имаме него во мислите.***
***Поздрав од Фестивалот***



Иван Иваноски: За авангардата редно е младите да ги кршат копјата во дискусијата. Да ги видиме на дело. Јас малку ќе медитирам.
. . . Да нема забуна: Не значи дека критиката дреме.





И музиката е уметност. А за добра мисла и убаво расположение треба и песна. А ја знаете онаа кој пее . . .
За доброто расположение на уметничката душа се погрижија “Сити бенд” од Битола и “Крос роуд блуз бенд” од Прилеп. А богами и Директорот на Центарот за култура, Тони Чатлески. Фестивалското бифе даде целосна поддршка на расположението. Не е чудо што немаше каде да се седне.



# ЌЕ ГЛЕДАТЕ

ПОНЕДЕЛНИК, 08.06.2009
***ЦК “Марко Цепенков” - 19.30 часот***
Турски театар
**“СИЈАХ КАЛЕМ”** од Илхами Емин, Јордан Плевнеш
режија: Владо Цветановски
***НТ “Војдан Чернодрински” - 22.00 часот***
НТ Куманово
**“ТЕТОВИРАНИ ДУШИ”** од Горан Стефановски,
режија: Јани Бојаџи
***Сцена - црква Св. Никола Варош - 24.00 часот***
Скрб и утеха и НТ Ј.Х. Цинот
**“ЧЕРНОДРИНСКИ ЕКСПРЕС”** од Тихомир Стојановски,
режија: Јордан Витанов

ВТОРНИК, 09.06.2009
***ЦК “Марко Цепенков” - Сцена 105 - 12.00 часот***
Трибина:
“Театарот во служба на драмската уметност или на естрадата”
***ЦК “Марко Цепенков” - 19.30 часот***
НТ Народен театар - Битола
**“ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ”** од Владимир Милчин, Марјан Неќак, Михаил Ренџов, Даниел Дефо, Џон Вилсон, А.С. Пушкин, Георг Бихнер, Антон Арто
режија: Владимир Милчин
***НТ “Војдан Чернодрински” - 22.00 часот***
НУЦК “Ацо Шопов” - Театар Штип
**“ГЛОГОВИОТ ЏБУН”** од Братислав Димитров
режија: Стојан Стојановски
***ЦК “Марко Цепенков” - 24.00 часот***
ФДУ - Скопје
**“ВАКА, ВАКА И ВАКА . . .”**
Испитна претстава по актерска игра 2-ра година
Класата ја водат: Владо Цветановски и Мими Таневска

44. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - НТ Ј.Х.К. Џинот - Велес
Брано Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Бесфорт Идризи - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - НУЦК “Ацо Шопов” - Театар Штип
Атила Клинче - НУ Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - НУЦК “Антон Панов” - Театар Струмица
Сашо Огненовски - НУ Народен театар - Битола
Роберт Павлевски - ЦК “Трајко Прокопиев” - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади - Скопје
Тони Чатлески - Центар за култура “Марко Цепенков” -
Театар “Војдан Чернодрински” - Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Сашо Огненовски - Член
Роберт Павлевски - Член
Бесфорт Идризи - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Митко Маџунков - писател
Зијадин Муртезовски - актер
Иван Петрушевски - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 44. МТФ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредува - Редакција:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@t-home.mk
www.mtf.com.mk